РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 0202-440/2-X-2
25.11.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 66, став 1 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, на седницата одржана на 25.11.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување дополнителни испитни сесии за апсолвенти за учебната 2021/22 година

Член 1

На студентите запишани на двете студиски програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер–Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои имаат запишан и заверен осми (VIII) семестар, односно ги исполниле поединечните услови за секој наставен предмет од прв до осми семестар, им се одобрува полагање на испити во следниве дополнителни сесии и наведени термини:

- од 6 декември до 10 декември 2021 год.;
- од 7 март до 11 март 2022 год. и
- од 4 април до 8 април 2022 год.

Член 2

Полагањето на испитите ќе се спроведува во попладневните часови после 16 часот секој работен ден, како и во саботите.

Член 3

Студентите кои ќе пријават полагање на испити во дополнителните испитни сесии утврдени во член 1 од оваа одлука, ќе плаќаат надомест во износ од 500,00 денари за полагање испит за еден наставен предмет.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Зоран Трпоски

Доставено до:
- ННС;
- Одделение за студентски прашања и
- архива /правна служба на Факултетот .